## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6247 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 21 до 30 ноември, (во деветтиот извештај, кој е прв од почетокот на изборната кампања), примерокот за мониторинг на ТВ Нова е проширен на две изданија на дневно-информативните емисии. Анализата на изборното медиумско претставување е спроведена врз вкупно 19 изданија на Обсервер на Нова во 19 и во 22 часот, поради тоа што на 27 ноември, во периодот од 18 часот до 20 часот и 25 минути, немаше класични вести, туку колажна информативна емисија, реализирана дел од мобилното студио на ТВ Нова, која во себе ги вклучуваше „Дневен бриф на Нова во 18 часот“, „Обсервер на Нова во 19 часот“/„Отворено студио“[1].

Вкупната должина на анализираните прилози во вестите изнесува 10 часа 51 минута и 12 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:20 | 84,72 | % |
| Влада на РМ | 00:01:50 | 7,64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:50 | 7,64 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:24:00** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ДИК и други органи | 00:04:33 | 3,04 | % |
| Други субјекти | 00:54:14 | 36,24 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:16 | 3,52 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:10 | 6,79 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:11 | 2,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:56:53 | 38,01 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:57 | 0,63 | % |
| Беса | 00:00:57 | 0,63 | % |
| Без субјекти | 00:02:32 | 1,69 | % |
| Привремена комисија | 00:04:06 | 2,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:51 | 3,91 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:29:40** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:32:52 | 23,09 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 04:50:35 | 72,24 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:52 | 2,70 | % |

[1] Содржината на оваа емисија е опишана во делот од извештајов посветен на посебните информативни емисии.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:36 | 0,65 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:32 | 0,63 | % |
| Беса | 00:02:49 | 0,70 | % |
| | **Вкупно за тема: 06:42:16** | **100** | **%** |

Делот од прилозите во кој, преку информативните жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 6 часа 42 минути и 16 секунди (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, согласно критериумот од Изборниот законик, пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Од субјектите кои го имаат максималниот број од седум потврдени листи, најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 4 часа 50 минути и 35 секунди (72,24%), во ова време влегуваат и неколкуте обраќања на странски политичари на митинзите на оваа Коалиција. Следува Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 32 минути и 52 секунди (23,09%), потоа е ДУИ - 10 минути и 52 секунди (2,7%), а за Коалицијата ВМРО за Македонија нема извештаи. За ДПА, која има пет потврдени кандидатски листи, издвоени се 2 минути и 32 секунди (0,63%), а за другите два субјекти со по пет листи - Либерална партија и Левица нема информации во вестите. Кај субјектите со по четири листи - за Беса има 2 минути и 49 секунди (0,7%), за Коалицијата Алијанса за Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП) има 2 минути и 36 секунди (0,65%). Не е известувано за активностите на Коалицијата за промени и правда која има шест кандидатски листи и за ПДП, која има една листа.

Специфика на начинот на кој ТВ Нова известува за кампањата е тоа што има мобилно студио, сместено во автобус, кое секојдневно е на терен. Во првите десет дена од кампањата, автобусот осумпати беше заедно со карванот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, а двапати на Коалицијата предводена од СДСМ. ТВ Нова поседува и дрон, кој во овој извештаен период го користеше двапати – од митинзите на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ во Охрид и во Скопје.

За активностите на власта е информирано во прилози со информативни жанрови кои траат 24 минути (Табела 1). Во ова време влегуваат интервјуата со директорот на психијатриската болница Негорци Петар Кангов и со директорот на велешкиот театар Јордан Витанов (обајцата се од јавни установи) и прилогот за писмото на министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска-Томовска до ОБСЕ/ОДИХР.

Другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, претставуваат 2 часа 29 минути и 40 секунди од вестите (Табела 1). Ова време ги опфаќа интервјуата со експертите и аналитичарите во кои се анализираат кампањите и програмите; разговорите со граѓани водени низ градовите каде што се известуваше од мобилното студио; интервјуто со Влатко Сајкоски, поранешен член на ДИК; репортажниот прилог за засиленото темпо на градежните работи на автопатот Кичево-Охрид, со претставници на компанијата која го гради; прилогот со најавата за нови инвестиции; пренесеното пишано интервју на швајцарскиот политичар Андреас Грос од ТВ Сител. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е застапена преку сегментот од интервјуто со Никола Попоски (кое требало да биде дебата со Стево Пендаровски). Коалицијата предводена од СДСМ - преку прилогот за користењето малолетници во кампањите. Алијансата за Албанците и Беса се јавуваат преку сегментот од дебатата на албански јазик на ТВ Нова меѓу Зулфи Адили и Реџеп Мемеди.

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ добила најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови емитувани во Обсервер на Нова во 19 и 22 часот во првите десет дена од кампањата – 2 часа 11 минути и 36 секунди (50,33%). Сите други субјекти, имаат по помалку од еден час (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:11:36 | 50,33 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:03 | 1,17 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:41:05 | 15,71 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:57 | 0,36 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:44 | 1,05 % |
| Други субјекти | 00:17:27 | 6,67 % |
| Граѓански сектор | 00:04:18 | 1,64 % |
| Експерти/аналитичари | 00:39:42 | 15,18 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:13:04 | 5,00 % |
| Беса | 00:02:05 | 0,80 % |
| ДИК и други органи | 00:02:09 | 0,82 % |
| Привремена комисија | 00:01:41 | 0,64 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:36 | 0,61 % |
| Вкупно: | 04:21:27 | 100 % |

Коментарите и освртите градат 1 час 15 минути и 16 секунди од вестите во овој десетдневен период, и на нив се реферира во следниот дел од извештајов, заедно со оние информативни жанрови во кои Телевизијата изнесуваше ставови, односно користеше позитивен или негативен тон и/или рамка за некој од политичките субјекти.

На 21 ноември, во Обсервер во 19 часот, се емитува осврт „Груевски: Граѓаните ќе гласаат за суверена и самостојна Македонија, а не за двојазичност и кантонизација“ (3 минути и 44 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Прилогот започнува со дел од обраќањето на Никола Груевски од промоцијата на програмата на Коалицијата одржана претходниот ден, по што се репризира изјавата на Зоран Заев во врска со Охридскиот рамковен договор, со употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија и за надворешната политика, дадена во Берн, Швајцарија. Како момент за реактуелизација на темата се користат изјави на Љупчо Димовски, генерален секретар на СПМ, Страшо Ангеловски од МААК и Иван Стоиљковиќ – Демократска партија на Србите во Македонија, кои се коалициски партнери на ВМРО ДПМНЕ. На крајот, медиумот наведува дека Заев на повеќе настапи „најавуваше редефинирање на државата, доколку ја добие поддршката на 11 декември, за воведување на т.н. граѓански концепт“ за што се подготвени за промена на Уставот.

Во Обсервер од 22 часот, во осврт со телоп „Охрид преполн: Насобран народ за првиот митинг на ВМРО-ДПМНЕ“ (4 минути и 58 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Во разговорот со дописничката на ТВ Нова од Охрид се коментира дека претходниот ден почнала кампања „на која независните, барем така може да ги наречеме независни невладини организации делеа летоци .... со идентични пораки на оние на опозицијата. Предвреме ја започнаа чинам кампањата“. Се наведува дека претходниот ден имало камион на кој биле испишани пораки „ние одлучуваме, бараме промени, можеме подобро“ и преку разглас “се навредуваше владејачката ВМРО-ДПМНЕ и се издигнуваше опозициската СДСМ“. Се вели дека охриѓани биле изненадени и згрозени од настанот кој им го нарушил мирот, а новинарите ги изненадило непочитувањето на правилата за почеток на кампањата. Се наведува дека уште позгрозувачки било тоа што комбето, до една бензинска пумпа, било следено од црно возило, од кое излегла личност и на рака му дала пари на возачот кој „на некој начин исплатен беше за она што го сработил“.

На 22 ноември, во 19 часот, има нов осврт на тоа дека СДСМ се обидува да освои гласови на албанските гласачи на изборите, низ визурата на претседателот на ДПА-ДР Зијадин Села. Во овој прилог,

означен со телопот „Села: Заев се обидува да ги придобие албанските гласови" (3 минути и 43 секунди), Села вели дека нема да се дозволи Албанците повторно да бидат прелажани, оти обидот на Заев да земе дел од ова гласачко тело е ризичен и оти тој ветувал сѐ за да ги изманипулира Албанците, а потоа ништо немало да исполни. Медиумот забележува дека „Села ова го тврди иако минатата недела, заедно со Заев, на покана на порталот Албинфо беа на дебата со дијаспората во Швајцарија", по што се репризира изјавата на Заев од Берн за Рамковниот договор и употребата на албанскиот јазик во Македонија. На крајот се пренесува ставот на ВМРО-ДПМНЕ за изјавите на Заев. Овој прилог се емитува и во 22 часот.

Подолу во вестите во 19 часот, има прилог (5 минути и 31 секунда) во кој, низ посебен графички приказ, се анализираат податоците од ДИК за гласачките навики и резултатите од гласањето на граѓаните на Ресен, Струга и Аеродром на парламентарните избори во 2011 и 2014 година.

На 23 ноември, во Обсервер во 19 часот, се емитува разговор од мобилното студио на ТВ Нова (9 минути и 11 секунди), во кој се најавува дека се очекува почеток на митинг на СДСМ во Кичево. Репортерката од специјалниот автобус информира за случувањата во Кичево и каде ќе се обрати утре СДСМ. Во студиото со неа е Гулаб Сарафиловски бранител од 2001 година, дел од здружението Бедем. Гостинот ја коментира кампањата на СДСМ и прави споредба со ВМРО-ДПМНЕ, за кого има позитивен став. За СДСМ смета дека е партијата која ги затвори фабриките во Кичево и ги запусти луѓето, ги избрка на улица. Репортерката од автобусот напоменува дека побарала од СДСМ во Кичево да и обезбедат кандидат за пратеник од СДСМ како соговорник, но партијата ја информирала дека поради партиски активности и митингот во Демир Хисар тоа нема да биде можно. Во Обсервер на Нова во 22 часот се репризира дел од разговорот со Гулаб Сарафиловски, во траење од 1 минута и 12 секунди.

Следува уште еден прилог, во рамките на кој, под телоп „СДСМ со митинг во Кичево" (5 минути и 12 секунди) се разговара со Перо Трајковски, случајно избран граѓанин на Кичево, кој оди на сите митинзи на партиите. Нему му се поставуваат прашања за територијалната поделба, за најавата на лидерот на СДСМ за проширување на употребата на албанскиот јазик. Запрашан како размислува за најавата за двојазичност и можната федерализација на Македонија, тој смета дека федерализацијата е пропаст за Македонија, а дека на 11 декември народот ќе му пресуди на Заев. Разговорот трае 1 минута и 35 секунди.

Во 19 часот, со најава: „Жестоки реакции за планот на првиот опозиционер Зоран Заев за федерализација или кантонизација на државата", медиумот го реактуелизира прашањето за изјавите на Заев пред дијаспората во Берн. Во овој осврт, кој има телоп „Продолжуваат реакциите за планот за федерализација на РМ" (3 минути и 10 секунди), има негативна рамка за СДСМ. Прилогот почнува со негативни ставови на Дојчин Цветанов, почесниот претседател на СОНК, и на Никола Стаменов, првиот човек на тутунарите. Потоа се пренесува коментар од неделникот „Република", во кој се тврди дека „идната федерализација, или кантонизација на државата, чиешто име дополнително ќе се одредува, има три фази кои етапно ќе се воведуваат во следните неколку години", „двојазичноста е само прва од трите фази на федерализацијата заедно со кантонизацијата, како преоден пат кон отцепување". Во симулираниот коментар се објаснува како најпрвин ќе се зголемува употребата на албанскиот јазик, а на албанските партии им се ветуваат функциите и институциите - претседател на Собранието, премиер, претседател на државата, МВР, ДБК, БЈБ, УЈП, Царината. Се вели дека би имало „административно поврзување на федералните единици", а потоа „само формализирање на федерализацијата... поделба на кантони кои потоа лесно би се отцепиле и би се припоиле кон соседни држави". Нема информација на кои извори „Република" ги потпира ваквите тврдења.

Во Обсервер во 22 часот, јавувањето од мобилното автобуско студио почнува со коментаторски извештај означен со телоп „Мобилното студио на ТВ Нова во Кичево" (3 минути и 26 година). Најпрвин се известува кои претставници од Коалицијата предводена од СДСМ се обратиле пред кичевчани, се наведува дека ТВ Нова побарала од штабот на СДСМ да им обезбеди еден кандидат за пратеник од овој крај за со него да се разговара за тоа што им нуди оваа Коалиција на граѓаните, но кандидатот бил во Демир Хисар и не бил достапен. Се наведува дека граѓани дошле да ги слушнат пораките од СДСМ и да донесат конечна одлука.

На крајот репортерката вели „но ако можам да кажам слободно, разочарани се од онаа територијална поделба со која Кичево на последните локални избори доби градоначалник Албанец".

На 24 ноември, во 19 часот, од мобилното студио има разговор со универзитетската професорка Иванка Додовска. Прилогот е означен со телоп „ВМРО-ДПМНЕ со митинг во Аеродром и Карпош" (10 минути и 52 секунди) со позитивен тон и рамка за ВМРО ДПМНЕ. Според соговорничката „зачудувачки и восхитувачки е феноменолошки да се погледне, по 10 години владеење и по две години речиси една навистина непримерна политичка кампања за рушење на владата на Никола Груевски ... сè уште граѓаните реагираат и масовно се приклучуваат и на отворените митинзи" и дека во интернет просторот „се води една војна помеѓу приврзаниците, лојалните следбеници на политиките на господинот Груевски и се разбира, нели оние поддржувачи на опозицијата предводена од господинот Зоран Заев".

Во 19 часот, при јавувањето во живо, во рамки на извештајот „СДСМ со митинзи во Гостивар и Тетово" (3 минути и 40 секунди) репортерот, информирајќи за тоа што говореле Заев и Шилегов во Гостивар, коментира „она што немавме можност да го слушнеме на овој митинг ... немаше конкретни проекти што тоа Гостиварци ќе добијат доколку оваа коалиција победи на 11 декември". Во Обсервер во 22 часот, истиот репортер, при јавувањето во живо, означено со телопот „СДСМ со митинзи во Гостивар и Тетово" (5 минути и 17 секунди) коментара дека „една кандидатка за пратеничка изјави дека има неперспективен план, друг кандидат го болело грлото од многу викање итн. Она што беше централно случување во попладневните часови, беа митинзите на здружената опозиција. Јас не би калкулирал со бројот на присутните. Имено би споменал дека митингот во Гостивар беше во центарот за култура АСНОМ каде има 400 седишта и уште неколку луѓе стоеја на нозе." Во најавата за обраќањето на кандидатката Ѓулумсер Касапи се вели дека таа „има некој свој план, па да слушнеме за каков план станува збор". Од нејзиното излагање се емитува кус сегмент (36 секунди) на албански. Потоа репортерот продолжува: „Елена ме праша, колкав бил бројот на присутните на митингот на СДСМ во Тетово, па на јазикот на кој што зборуваше кандидатката за пратеник и аплаузот, можеме да претпоставиме кој сето тоа беше на овој митинг. Имено на митинзите во Гостивар и Тетово се обрати претседателот на СДСМ, Зоран Заев, кој досега не понуди некој значаен проект за Тетово и за Гостивар. Се задржа на она што го има во својата програма на ниво на држава, тоа е враќање на ДДВ, зголемување на просечната плата и оние сите изјави коишто досега ги слушнавме." Потоа следуваат 37 секунди од обраќањето на Заев.

Во двете анализирани изданија на Обсервер се емитува осврт, кој има негативна рамка за СДСМ. Означен е со телопот „Кандидатот за пратеник на СДСМ потврди дека Заев во програмата предвидува редефинирање на државата" (3 минути и 53 секунди). Во прилогот најпрвин се пренесуваат изјави на кандидатката за пратеничка од Коалицијата предводена од СДСМ Ѓулумсер Касапи, од дебата на ТВ Алсат-М, за тоа дека таа смета оти СДСМ ќе го реши прашањето на употребата на албанскиот јазик на територијата на државата. Потоа се вели дека ВМРО-ДПМНЕ ги обвинува Заев и СДСМ оти сакаат да „спроведат сценарио за двојазичност и федерализација на Македонија" по што се емитува изјавата на Трајко Вељаноски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ за тоа дека двојазичноста, редефинирањето и кантонизацијата на државата се внесени во програмата на СДСМ. На крајот, се чита дел од програмата на СДСМ за тоа дека „етноцентричната култура ги затвора вратите на нашите сограѓани од другите етнички заедници. Инсистирањето на промовирање на културните вредности само на етничка заедница ќе доведе до нужна реакција и на другите етнички заедници".

На 25 ноември, при јавувањето од мобилното студио, кое се наоѓа во Гевгелија, има интервју со Петар Кангов (10 минути и 37 секунди), здравствен работник и директор на психијатриската болница Негорци, кој во минатото една година бил советник во општината Гевгелија. Прашан за достигнувањата во здравството и за тоа што е предвидено во програмата, тој зборува во позитивна рамка за развојот на здравството изминатите 4 години со коментар дека она што е постигнато „раководните кадри на Социјалдемократскиот сојуз во свое време не можеа ни да го замислат". Дава мислење за двојазичноста, проектите на Владата итн.

Во извештајот „СДСМ на централен митинг во Кочани" (4 минути и 47 секунди) во Обсервер во 22 часот, репортерот од терен, информирајќи за акцентите од обраќањето на Зоран Заев во Кочани, вели дека

таму Заев не кажал „ни збор за двојазничноста која наголемо ја најавуваше во своите говори во и надвор од Македонија".

На 26 ноември, во двете анализирани изданија на Обсервер, по прилогот за резултатите од анкетата на Брима Галуп за рејтингот на партиите, се пренесува дел од интервју за ТВ Нова „Даштевски: Анкетата на „Брима Галуп" – реален одраз на политичкото расположение" (3 минути и 13 секунда) во која аналитичарот Александар Даштевски дава свое објаснување зошто резултатите покажуваат водство на ВМРО ДПМНЕ.

Истиот ден, во вестите во 22 часот се емитува анкета, спроведена од ТВ Нова, со граѓаните низ градовите во Македонија чиј акцент е извлечен во телопот „Граѓаните против двојазичноста на Заев: Неговите политики водат кон федерализација и поделба на Македонија" (2 минути и 32 секунди), во кој има негативен тон и рамка за СДСМ. Анкетираните, како што сублимира медиумот, „остро и децидно се противат на идеите на Зоран Заев за двојазичност на целата територија на Македонија, што според нив претставува пат кон федерализација и поделба на Македонија".

Потоа се пренесува дел од емисијата *Отворено студио* со политичките аналитичари Никола Србов и Нијази Мухамеди, означена со телоп „Дебата на ТВ Нова: Меѓуетничките односи во изборната кампања" со негативна рамка за СДСМ.

На 27 ноември, во Обсервер на Нова во 22 часот, се пренесуваат акценти од дебатата водена во *Отвореното студио* која се одвиваше пред и во текот на митингот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во Скопје, означен со телопите „Меѓународни претставници на митингот во Скопје: Поддршка за ВМРО ДПМНЕ, поддршка за Македонија", „Над 80.000 граѓани на митингот на ВМРО ДПМНЕ во Скопје", „Каракамишева: Акцентот на програмата на ВМРО ДПМНЕ е развојот на Република Македонија", „Божиновски: Голема е разликата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ", „Пејковски: Видливи се резултатите од владеењето на ВМРО ДПМНЕ", „Груевски: Народот на 11-ти декември ќе го отплетка јазолот на оваа криза!". Во прилогот, кој трае 9 минути и 6 секунди, се емитуваат изјави на универзитетските професори Тања Каракамишева и Јован Пејковски и аналитичарот Владимир Божиновски, со позитивен тон и рамка за ВМРО ДПМНЕ.

Малку подолу во вестите, во извештајот „СДСМ вечерва одржа митинг во Велес" (4 минути и 18 секунди) репортерката коментира: „Она што беше забележително на митингот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и Коалицијата е тоа дека имаше голем број на албански знамиња".

Подоцна се емитува коментар, со негативен тон и рамка за СДСМ, насловен „Даштевски: СДСМ во континуитет игра на картата на пазарење со националните интереси" (3 минути и 35 секунди) во чија најава се вели: „менувањето на Уставот и федерализација на Македонија, кои ги промовира Зоран Заев, се опасни тези, сметаат експертите". Прилогот тргнува со ставот на универзитетскиот професор Александар Даштевски (реториката на Заев за двојазичност и редефинирање на државата би била подгревање на меѓуетничките страсти, отворањето на Рамковниот договор би било погубно и трагично за земјата, промената на Уставот е недозволива, а тоа се сериозни работи - за кантонизација, како што зборувале аналитичари деновиве). Се репризира изјавата на Зоран Заев пред дијаспората во Берн, Швајцарија за употребата на јазиците во Македонија, по што медиумот вели: „Иако од СДСМ тврдат дека станува збор за погрешно интерпретирани изјави, Заев во изминатиот период истите ставови ги повтори и на неколку места". По ова се емитува изјавата на Заев за порталот Нова ТВ дека очекува најмногу гласови од Албанците, се потсетува на постари изјави дадени за косовска телевизија, за изјавата од 2010 година, дека „за нив е прифатливо и име со географска одредница, а многу прашина во јавноста крена и ставот на Заев дека за името треба да се свитка кичмата". Медиумот го завршува прилогот со наводот „тргувањето на СДСМ и Заев со националните интереси не е ново, велат дел од експертите, но од година во година она што се става како понуда од социјалдемократите носи сè поголем ризик за македонските национални интереси".

Веднаш потоа се емитува прилогот „Економијата во фокусот и на новата програма на ВМРО ДПМНЕ (3 минути и 16 секунди) кој има позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Во овој осврт се извлекуваат цитати од ветувања дадени во изборната кампања на ВМРО ДПМНЕ.

Во ова издание на вести, со телоп „Стево Пендаровски избега од соочување со Никола Попоски – столчето остана празно" (2 минути и 32 секунди) се пренесува дел од излагањето на Никола Попоски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ од емисија на ТВ Нова, која требало да биде дебата, но Стево Пендаровски од Коалицијата предводена од СДСМ не дошол. Во најавата за прилогот, медиумот вели: „Најголемата македонска опозициона партија, која отворено се залага и бара телевизиски дуели и соочувања за време на изборни кампањи, повторно одби да седне на иста маса со претставници на владејачката партија и тоа токму на покана на нашата телевизија. Носителот на изборната единица еден на СДСМ Стево Пендаровски не се појави на дебатата со Никола Попоски и одби да одговори на поканите кои неколкупати беа испратени од страна на Телевизија Нова."

На почетокот на Обсервер на Нова во 19 часот на 28 ноември, има интервју во мобилното студио со Јордан Витанов, директорот на Театарот во Велес, означено со телоп „Мобилното студио на ТВ Нова во Велес на митингот на Коалицијата „За подобра Македонија" (9 минути и 43 секунди). Витанов говори за тоа колку власта на ВМРО ДПМНЕ, во претходниот период, сторила за велешкиот театар и за културата.

Подолу во вестите се емитува осврт за „скандалот обелоденет деновиве дека СДСМ копирала поенти и слогани" од српското радикално движење „Двери". Прилогот, кој е означен со телопите „Двери: Програмата „За живот" е наша" и „Освен програмата и слоганот, и таблите украдени од српската Двери" (3 минути и 56 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Се прави споредба меѓу програмата и слоганите на Коалицијата предводена од СДСМ со онаа на „Двери" при што пренесена е телефонска изјава на Југослав Кипријановиќ од информативната служба на ова српско движење (драго им е што некој ја искористил нивната кампања од 2014 година). Медиумот вели дека „ваквото позајмување" зачудува зашто двете партии имаат различна идеологија. Се емитува и изјавата на Драган Данев од ВМРО ДПМНЕ. Најавата за прилогот гласи: „Покрај слоганот, боите, како и цели делови од програмата на „Двери" од Србија кои се комплетно ископирани од СДСМ, ископирани се и таблите кои, додека говори Заев, ги дигаат младинците на опозицијата, исто така позајмени од кампањата на српската националистичка партија". Овој осврт е емитуван и во 22 часот.

Следува уште еден осврт, најавен како „појавувањето на австрискиот министер Курц на митингот на ВМРО ДПМНЕ синоќа предизвика жестоки критики и напади од опозициските активисти на социјалните мрежи. По многуте реакции, и негативни коментари за појавувањето на Курц на митингот на ВМРО ДПМНЕ со став се огласи носителот на Изборната единица еден на партијата ВМРО ДПМНЕ Никола Попоски. Прилогот е означен со телопите „Курц се обрати на митингот на ВМРО ДПМНЕ: Македонија е на добар пат кон ЕУ" и „Попоски: Кога Ховит зема страна и оди на настан на СДСМ не е проблем, проблем е кога десничар ќе се појави кај ВМРО ДПМНЕ" (3 минути и 23 секунди). Се вели дека, иако Курц зборувал како претставник на сестринската народна партија, кон него биле упатени жестоки критики, при што се пренесуваат Фејсбук статусите на Едмонд Адеми од СДСМ, Никола Димитров, поранешниот македонски амбасадор и преговарач за името, Бранко Тричковски, новинар. Се пренесува дел од обраќањето на Курц, во кој и се заблагодарува на Владата на Македонија за нејзината улога во мигрантската криза. На крај се пренесува Фејсбук статусот на Никола Попоски.

На 29 ноември, од мобилното студио кое е во Тетово, со прилогот означен со телопите „ВМРО ДПМНЕ во Гостивар и Тетово" и „ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „За подобра Македонија" вечерва во Тетово" (10 минути и 10 секунди) се разговара со Трпана Ѓорѓеска, жителка на Тетово и аналитичарот Александар Пандов. Нивните ставови се негативни за СДСМ, а позитивни за ВМРО ДПМНЕ.

Подолу во вестите се емитува осврт „Љамалари: Заев е месија на Албанците" (3 минути и 38 секунди) кој се однесува на „идејата на Заев за федерализација и двојазичност". Најпрвин се пренесува Фејсбук статус на Муса Љамалари од албанската дијаспора со поддршка за победа на Заев на изборите, а потоа се емитува и дел од неговото интервју за ТВ Сител. Следува „остра реакција" за двојазичноста од колумна и телефонска изјава на Емин Ѓулен со негативен став за Заев. На крајот се потсетува на изјавите на Заев пред дијаспората во Берн и во емисијата на ТВ 21-М. Прилогот е емитуван и во 22 часот.

Во обете изданија на Обсервер, Телевизијата потоа се осврнува на затворањето на Избирачкиот список. Во прилогот „Избирачкиот список покажа дека нема фантомски гласачи" (3 минути и 1 секунда),

најпрвин се пренесува соопштението од ВМРО ДПМНЕ, па од СДСМ. Потоа се вели дека за експертите, се апсурдни тврдењата за фантомски гласачи, на што се емитува изјава од Влатко Сајкоски, поранешен член на ДИК. На крајот се пренесени податоците од ДИК за бројот на гласачи и се заклучува дека „тврдењата за половина милион фантоми, меѓу другото, беа едни од главните аргументи на Социјалдемократскиот сојуз за оспорување на изборите од 2014 година".

Во вестите во 22 часот има ново интервју од мобилното студио со аналитичарот Александар Пандов „ВМРО ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија" вечерва во Тетово" (14 минути и 2 секунди) во кое тој ја анализира кампањата на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ велејќи дека е сосема во ред што вечерта во говорите од митингот на ВМРО ДПМНЕ повеќе имало ставови против кампањата на СДСМ. Тој го изнесува и своето негативно мислење за Заев и СДСМ.

На крајот од ова издание на вестите има прилог „Чилиманов: Ад хок телото е политизирано" и „Ад хок комисијата за медиуми поднесе три прекршочни пријави" (4 минути и 6 секунди) со изјава на членот на Привремената комисија Цветин Чилиманов. Прилогот има негативна рамка за комисијата и за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 30 ноември, во мобилното студио кое се наоѓа во Берово, во 19 часот, има разговор со Александар Даштевски – универзитетски професор и аналитичар. Тој го изнесува својот негативен став за СДСМ и нивната кампања. Во прилогот, означен со телоп „СДСМ со митинзи во Пехчево и Берово" (6 минути и 47 секунди), водителката кажува дека бил направен обид, како соговорник да се добие некој од кандидатите за пратеници од СДСМ, но никој не дошол.

Подолу во вестите се емитува коментар, со негативна рамка за Заев и СДСМ - „Заев: Едно село е кантон" (3 минути и 4 секунди). Најавата гласи: „Зоран Заев, во Берн, Швајцарија, ги објасни чекорите и неговата визија за кантонизација на Македонија, што според експертите претставува вовед во физичка делба на земјава. Како Заев ја објаснува кантонизацијата?" Се емитува нов дел од обраќањето на Заев пред дијаспората за тоа дека во Швајцарија едно село е еден кантон и одлучува за селото и се вели „ова е кантонизацијата според визијата на опозицискиот лидер Зоран Заев". Се наведува дека тој ги објаснил визијата и чекорите за кантонизација на Македонија, што е вовед во физичка делба на Македонија. Потоа се емитува изјава од претседателот на албанската дијаспора Муса Љамалари од интервјуто за ТВ Сител за тоа дека смета оти Македонија треба да ги следи примерите на Белгија, Германија, Швајцарија, Ирска. Потоа се објаснува дека според експертите тоа би било вовед во распад на државата зашто би било доволно само еден кантон да посака да се припои кон некоја соседна држава. Следи информација дека неколку градови од регионот, формирале унија на градови кои имаат градоначалници - Албанци „што во медиумите од регионот се протолкува како протнување низ мала врата на идејата за голема Албанија. Се спомнува и инцидент во Грција, кога пред посетата на Барак Обама, во возило на албанската амбасада биле пронајдени учебници со карти на голема Албанија кои било планирано да се делат меѓу луѓето. На крајот се пренесува изјава на Фестим Љато, самопрогласен претседател на Чамите, дека Албанците од Грција, Македонија и Црна Гора имаат заеднички интерес да формираат заедничка држава Цамурија, во контекст на создавање голема Албанија, и во тој случај ќе командуваат со војска од 2 милиони војници. Коментарот е репризиран и во 22 часот.

Во Обсервер во 22 часот има разговор со Страшо Андоновски – новинар и жител на Пехчево и со Александар Даштевски – аналитичар. Прилогот има телоп „Мобилно студио на ТВ Нова на митинг на СДСМ во Берово" (11 минути и 9 секунда). Со Андоновски се зборува за навиките за гласање на луѓето од тој регион, а потоа од него се бара да ја коментира идејата на Заев за двојазичност – за која вели дека е неприфатлива. Следува разговорот со Даштевски, за слабата посетеност на митингот - што значи дека идејата не е прифатлива и покрај тоа што Заев вели дека бил погрешно сфатен. Во овој контекст, Даштевски потсетува на сите изјави што ги дал Заев (на ТВ 21-М, во Берн).

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Овој десетдневен период започнува на 21 ноември во 20 часот и 30 минути, со редовниот термин за емитување на дебатната емисија *Аргументи.* На тема „Кампања: Партиите до граѓаните“ во студиото дебатираат универзитетските професори Иванка Додовска и Далибор Јовановски и политичкиот аналитичар Алберт Муслиу. За време на дебатната емисија од 20 часот и 52 минути, ТВ Нова директно се вклучува на митингот во Охрид на Коалицијата за подобра Македонија каде го проследува обраќањето на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски. Директното вклучување е во траење од 24 минути. Репризи се емитуваат веднаш по полноќ и следниот ден во 5 часот и 22 минути и во 11 часот и 36 минути. Третото репризно издание е прекинато во 11 часот и 51 минута со вклучување од директното обраќање на претседателот Ѓорге Иванов.

На 22 ноември во 20 часот и 42 минути во дебатната емисија *Аргументи* на тема „Македонија: Мултиетничко општество, унитарна држава“ гостуваат претставникот на партијата Левица Мариглен Демири и Нермин Теловска од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. Во ова издание на дебатната емисија *Аргументи,* емитувано е вклучување од митингот на Коалицијата за подобра Македонија во траење од 6 минути. Репризи се емитувани на 23 ноември по полноќ, во 5 часот и 25 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 23 ноември во 20 часот и 38 минути емитувана е емисијата *Отворено студио* на тема „Македонија во ЕУ, кога и како?“. Гости во студиото се Ана Блажевска – претседател на партиската комисија на ВМРО ДПМНЕ за евроинтеграции и Зоран Василевски – кандидат за пратеник од Левица. Во 21 часот дебатната емисија имаше прекин поради директно вклучување во траење од 9 минути од митингот на Коалицијата за подобра Македонија одржан во Кавадарци. Репризи се емитувани на 24 ноември по полноќ, во 5 часот и 20 минути и во 11 часот и 34 минути.

На 24 ноември во 20 часот и 30 минути е емитувана дебатната емисија *Отворено студио.* Тема на дебата е „Образованието во програмите на партиите“, со гостите Трајче Стојанов од Левица и Мирјана Настовска од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата. Во оваа дебатна емисија имаше две вклучувања од митинзи, едното на Коалицијата за подобра Македонија во траење од 6 минути и второ вклучување од митингот на СДСМ во траење од 2 минути. Репризи се емитувани на 25 ноември по полноќ, во 5 часот и 8 минути и во 11 часот и 34 минути.

На 25 ноември во редовниот термин за дебатни емисии, во *Отворено студио* на тема „Одбрана и безбедност на Република Македонија“ гостува Оливер Андонов од ВМРО ДПМНЕ. Во студиото биле поканети и претставници и од политичките партии СДСМ, ДУИ, ДПА и Левица кои не испратиле свои претставници. Репризи од ова издание на *Отворено студио* се емитувани на 26 ноември по полноќ, во 7 часот и 11 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 26 ноември во 17 часот и 45 минути емитувана е емисијата *Отворено студио на албански јазик* во која биле поканети сите носители на листи за ИЕ1 од албанските партии. Поканата ја прифатиле претставникот од Беса, Реџеп Мемеди и Зулфи Адили од Алијанса за Албанците.

Истиот ден во 20 часот и 40 минути, дебатната емисија *Отворено студио* е емитувана од мобилното студио на ТВ Нова кое се наоѓа во Кичево. На тема „Меѓуетничките односи во кампањата“ дебатираат политичките аналитичари Никола Србов и Нијази Мухамеди. Во рамки на ова издание на *Отворено студио* прикажани се и делови од митингот во Кичево на Коалицијата за подобра Македонија, од директното обраќање на Никола Груевски, кое е во траење од 7 минути, и дел од митингот на Коалицијата предводена од СДСМ, одржан во скопската населба Карпош, во траење од 2 минути. Репризи се емитувани на преминот од 26 кон 27 ноември и следниот ден во 7 часот наутро и во 11 часот и 30 минути.

На 27 ноември во 14 часот во емисијата *Око* на тема „'Реално' или 'За живот во Македонија'“ гостуваат Даниела Арсовска – претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија, Димитар Ристовски – Европска бизнис асоцијација, Миле Бошков – Бизнис конфедерација на Македонија и Ангел Димитров –

Организација на работодавачи. Реприз на ова издание *Око* се емитувани на 28 ноември во 1 часот и 40 минути по полноќ, во 4 часот и 25 минути и во 11 часот и 40 минути.

На 27 ноември во 20 часот и 30 минути, повторно дебатната емисија *Отворено студио* се емитува од мобилното студио на ТВ Нова кое се наоѓа на местото каде што се одржува централниот митинг на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во Скопје. Гости во мобилното студио се универзитетските професори Тања Каракамишева и Јован Пејковски. За време на дебатата има две директни вклучувања од митингот на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, кои се во вкупно траење од 30 минути. Ова издание на *Отворено студио* е репризирано истиот ден во 23 часот и 35 минути и следниот ден во 5 часот и 30 минути.

На 28 ноември во емисијата *Аргументи,* емитувана во 20 часот и 38 минути на тема „Кампања полна со ветувања и препукувања" гостуваат Иванка Додовска – универзитетски професор и Сотир Костов – политички аналитичар. Реприз се емитувани следниот ден по полноќ, во 5 часот и 30 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 29 ноември во 20 часот и 40 минути, во дебатната емисија *Отворено студио* на тема „Здравството на преглед" гостуваат Виктор Камиловски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ и Нино Беќаровски, Левица. За време на дебатата емитувани се две директни вклучувања, првото од митингот на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата во траење од 8 минути и второ - од митингот на Коалицијата предводена од СДСМ во траење од една минута. Реприз се емитувани на 30 ноември по полноќ и во 5 часот и 35 минути.

На 30 ноември во 20 часот и 40 минути емитувано е премиерното издание на *Отворено студио* на тема „Дали се потребни реформи во уредувањето и системот?". Гости во студиото се Зоран Илиоски – Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. и Димитар Апасиев – Левица. За време на дебатата емитувани беа две директни вклучувања, првото од митингот на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, во траење од 6 минути, и второто директно вклучување од говорот на Зоран Заев во траење од една минута.

*Интервјуа*

На 27 ноември во 17 часот и 30 минути, емитувано е интервју со Никола Попоски, претставник на ВМРО ДПМНЕ и носител на кандидатската листа во ИЕ1. Во студиото бил поканет и носителот на листата за ИЕ1 од СДСМ и Коалицијата, Стево Пендаровски кој не дошол. Интервјуто е репризирано истиот ден во 23 часот и 35 минути и на 28 ноември во 6 часот и 35 минути.

*Други информативни програми*

На 27 ноември почнувајќи од 18 часот, се емитува колажна информативна емисија која вклучува прилози од вести, дебати, интервјуа и директни вклучувања од централниот митинг на ВМРО ДПМНЕ во Скопје. Оваа посебна информативна програма трае до 20 часот и 30 минути. Гости во *Отвореното студио* кое се емитува од мобилното студио на ТВ Нова, се универзитетските професори Тања Каракамишева и Јован Пејковски и политичкиот аналитичар, Владимир Божиновски.

На 29 ноември во 14 часот и 40 минути на ТВ Нова емитувана е *Репортажа* од изградбата на патиштата Кичево-Охрид. Во рамки на оваа репортажа, прикажан е и исечок од интервју со Владо Мисајловски – министер за транспорт и врски. Реприза е емитувана на 30 ноември во 10 часот и 30 минути.

***Сектор за програмски работи***